Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
Republic of Macedonia
OMBUDSMAN

ул. Македонија бр. 19 1000, Скопје
тел./факс 023129335 ;
email: contact@ombudsman.mk

НП бр.**1535/17**
**21.06.2017** год.
**Скопје**

**До**
**Влада на Република Македонија**
**-лично до Претседателот на Владата г. Зоран Заев**

**Бул."Илинден" бр.2**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Иницијатива за измена и дополнување на член 34 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ" бр. 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 50/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16 и 142/16) - за разгледување и заземање став на седница на Владата**

Народниот правобранител постапувајќи по претставки на граѓани корисници на социјална помош во изминататите години констатира повреда на правата на овие граѓани поради присутна состојба - по болничкото лекување на пациентот не му се дава отпусно писмо додека не се плати партиципацијата.

Поради таквата пракса Народниот правобранител во континуитет на здравствените установи им укажува дека условување со плаќање на партиципација не треба да биде услов за пациентот да го добие отпусното писмо, во кое покрај другото е содржана и терапијата која пациентот треба да ја прима во натамошното лекување и тртепман по хоспитализацијата.

**Од друга страна, анализирајќи ги одредбите на членот 34 од Законот за здравствено осигурување неспорно се наметнува констатацијата дека повеќе категории граѓани се ослободени од плаќањето на партиципацијата за здравствени услуги, меѓу кои се вбројуваат корисниците на постојана парична помош, но не и корисниците на социјална парична помош.**

Со вака поставената законска рамка и исклучувањето на корисниците на социјална парична помош од можноста да бидат ослободени од плаќањето на партиципацијата за болнички третман се создава ситуација на нееднаквост со елементи на дискриминација на одредена категорија граѓани кои се во ризик, поради нивниот социјален статус.

Токму затоа, а со цел да се надмине проблемот за социјално загрозените

лица, во услови на несеопфатна законска уреденост на овој проблем Народниот правобранител цени дека е потребно да се надгради правната рамка, со што и корисниците на социјална парична помош ќе бидат ослободени од плаќање на партиципација.

Доставувајќи ја оваа иницијатива Народниот правобранител смета за потребно да извести дека ова прашање во изминатиот период беше анализирано од страна на експерти и претставници од соодветни институции, на кои средби учествуваа претставници и од Народниот правобранител, по што е изготвен посебен документ насловен како „Бесплатни специјалистичко- консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на социјалната патична помош". Овој документ кој во прилог се доставува содржи опис на проблемот и целите кои се сака да се постигнат, како и и препораки за можни решенија.

Имајќи го предвид изнесеното со цел да се надмине континуирано присутниот проблем на корисниците на социјалната заштита при болничкиот третман **Народниот правобранител, согласно член 30 став 1 од Законот за народниот правобранител ја доставува оваа иницијатива до Владата на Република Македонија и предлага истата да ја разгледа на своја седница и да ги задолжи Министерството за труд и социјална политика, како надлежен орган од областа на социјалната заштита и Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување, како институции надлежни за спроведување на прописите од областа на здравството да подготват измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување.**

Во овој контекст Народниот правобранител смета за потребно да потенцира дека социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот, како и дека овој систем претставува и инструмент за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, и во тој контекст со постапувањето по оваа иницијатива и преземање на предложените активности ќе се овозможи олеснување на пристапот до здравствената заштита на корисниците на социјалната парична помош и унапредување на нивната здравствена состојба.

За постапувањето по оваа иницијатива потребно е да го известите Народниот правобранител во рок од 30 дена, согласно член 34 од Законот за народниот правобранител.

**Прилог: Документ-„Бесплатни специјалистичко- консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на социјалната парична помош".**

**Изработиле: Д.Ц/ВБМ**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**Иџет Мемети**